ГЛАСАЊЕ ПРЕКУ ПОЛНОМОШНИК

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на собранието.

Полномошното се издава во писмена форма со пополнување на образецот за гласање преку полномошник (Полномошно за физички лица, Полномошно за правни лица).

Полномошното мора да содржи комплетни податоци за идентитетот на акционерот и полномошникот, и тоа:

- За акционерот - пополнето целосно име и презиме, своерачен потпис и ЕМБГ на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, ЕМБС, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапник по закон на акционер правно лице.
- За полномошникот - целосно име, презиме и ЕМБГ за полномошник физичко лице, односно назив, седиште и ЕМБС на полномошник правно лице.

Акционерите треба веднаш да го известат Друштвото за секое дадено полномошно по писмен пат на следната адреса:

РЕПЛЕК АД Скопје

Ул. Козле бр. 188

1000 Скопје

Со назнака за Собрание на акционери'

Друштвото може да бара дополнително утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за превземање на акционерски друштва, полномошникот задолжително ја известува Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давање на полномошната од повеќе акционери, во рок од пет работни дена пред одржувањето на Собранието на акционери.